Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-639/4
________ година
04-12-2024

Постапувајќи по претставка бр. 08-639/1 од 26.9.2024 година, поднесена од д Дојран против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 7.11.2024 година, го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичка припадност сторена од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија врз

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 26.9.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија („**МВР**“), за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работа и работни односи.

Според наводите од претставката, на ден 15.1.2024 година со телеграма бр. 23.6-46 бил распишан интерен оглас за Командир на Полициска станица за гранични проверки и граничен надзор Стар Дојран („**ПС за ГП и ГН Стар Дојран**“). Подносителката уредно се пријавила на огласот со Писмена пријава и Известување бр. 23.26.6.1.2-47 од 16.1.2024 година. Бидејќи бил назначен кандидат кој според нејзе не ги исполнува условите, без притоа да биде писмено известена, подносителката на ден 5.2.2024 година, преку Одделот за заеднички работи и управување на човечки ресурси при МВР, испратила Приговор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („**Државната комисија**“). На ден 14.2.2024 година, односно по изминат еден месец, со Известување бр. 23.6.2.2-17713 од 6.2.2024 година писмено била известена дека не била избрана на интерниот оглас.

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ѝ одговорила на приговорот со Решение РО бр. 0901-51 од 7.8.2024 година, известувајќи ја дека приговорот се отфрла како недозволен. Напоменува дека Решението ѝ било доставено дури откако преку е-мејл се обратила до Државниот управен инспекторат жалејќи се дека Државната комисија, и покрај законскиот рок од 2 месеци, сè уште ѝ нема одговорено. Основот поради кој приговорот се отфрла како недозволен било тоа што според Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во МВР, не било дозволен приговор по интерен оглас. Подносителката смета дека на ваков начин се врши дискриминација врз сите кандидати кои не биле избрани.

Понатаму на ден 1.4.2024 година, со Известување се обратила до Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди („**ОВККИПС**“) и до

министерот, околу постапката за избор, информирајќи ги дека е извршено несовесно работење бидејќи е избран кандидат кој не ги исполнува условите од огласот. На ова од ОВККИПС добила одговор дека не се потврдени наводите во известувањето.
Следно таа телефонски се јавила на лицето кое во одговорот е запишан како Началник на Одделение во ОВККИПС, кој учтиво ѝ појаснил дека во Секторот за правни и судски постапки на МВР добиле допис дека нејзиниот приговор во однос на тоа дека избраниот кандидат не ги исполнува условите на начин што нема доволно работно искуство не бил основан бидејќи на избраниот кандидат му го пресметале и работното искуство надвор од МВР.
Со оглед на тоа што претходното работно искуство на избраниот кандидат е во казино, подносителката прашува како бил прво рангиран и како му се сметало работното искуство надвор од МВР, додека таа има 21 година работен стаж внатре во МВР кој не ѝ бил пресметан. Ова особено бидејќи таа кога го понудила своето 21 годишно искуство во МВР на претприемачи, добила одговор дека таквото искуство не може да го употреби никаде на друго место и дека доколку промени занимање ќе мора да стартува како работник почетник без работно искуство.

Последно, во однос на основот на дискриминација, истакнува дека избраниот кандидат- 2014 година била кандидат за пратеник во изборна единица 4 на листа на партијата СДСМ, па токму затоа смета дека на 25.1.2024 година со Решение бр. 23.6-10289/1 била избрана за Командир, во време кога министер било лице од истата партија.

Во прилог на претставката беа доставени следните докази:
- Телграма бр. 23.6-46 од 15.1.2024 година;
- Известување од до Министерот Панче Тошковски и ОВВКИПС при МВР од 1.4.2024 година;
- Одговор Рег. бр. 14.1.1-937/4 од 17.5.2024 година од ОВВКИПС;
- Известување Рег. бр. 23.6.2.2-177/3 од 6.2.2024 година од Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси;
- Решение РО број 0901-51 од 7.8.2024 година од Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 4.10.2024 година испрати Известување бр. 08-639/2 за произнесување по наводите од претставката до Одделот за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси при МВР.

На ден 25.10.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Одговор на претставка и списи, Рег. бр. 23.6.2.2-1/7152/1 од 18.10.2024 година, од страна на Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси при Биро за јавна безбедност во МВР, заведено под наш бр. 08-639/3.

Во одговорот информираат дека со телеграма бр. 23.6-46 од 15.1.2024 година бил објавен интерен оглас за пополнување на работно место „командир на полициска станица" во Полициска станица за гранички проверки и граничен надзор Стар Дојран, Регионален центар за гранични работи Југ, за кој биле доставени вкупно три пријави, меѓу кои и пријавите со кои аплицирале и , и

Во наведената телеграма, согласно со Актот за систематизација на работни места во МВР, биле утврдени следните услови:
- Потребно образование: 240 кредити според ЕКТС или завршен VII степен;

- Вид на образование: Факултет од областа на безбедноста, Правен факултет, Економски факултет;
- Работно искуство: 6 години;
- Други посебни работни компетенции: Менаџмент обука, познавање на еден светски јазик и познавање на работа со компјутер.

На ден 25.1.2024 година Комисијата за распоредување и унапредување на полициски службеници одржала работен состанок и донела одлука за избор ɔд работно место „помошник командир" да биде распоредена на работно место „командир на полициска станица" во ПС за ГП и ГН Стар Дојран, Регионален центар за гранични работи Југ. Надлежната комисија формирана од министерот, при донесување на одлука за избор, покрај исполнувањето на условите ги зела предвид и професионалните квалитети и квалификации, начинот на извршување на работните обврски и природата на работите и задачите кои ги извршуваат кандидатите.
Исто така известуваат дека има високо образование- Факултет за безбедност со 240 кредити ЕКТС и истата во моментот на аплицирање имала 13 години работен стаж.

Во однос на наводите кои се однесуваат на известувањето по наведениот оглас, известуваат дека во член 24 од Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување и член 66 од Колективниот договор на МВР е утврдено дека сите кандидати кои се пријавиле на интерниот оглас, а не се избрани, писмено се известуваат и притоа не е утврден рок за доставување на известувањето. За наведениот оглас ст бр. 23.6.2.2-177/3 од 6.2.2024 година била известена дека не е избрана.

Во однос на наводите во претставката за политичка дискриминација при изборот на надлежната комисија, известуваат дека процесот на работа на Министерството се одвива согласно начелата за недискриминација и еднаквост на работниците во нивните слободи, права и обврски, односно распоредувањата во Министерството се вршат независно од полот, расата, бојата на кожа, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и општествената положба.

Понатаму информираат дека а ден 5.2.2024 година има поднесено приговор за избор на Командир на ПС за ГП и ГН Стар Дојран преку Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси, заведен под бр. 23.6-16368/2 од 10.2.2024 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Приговорот со произнесување од Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси бил доставен до надлежната комисија на ден 21.2.2024 година, заведен под бр. 23.6.-16368/2 со цел нивно одлучување.
Државната комисија со акт бр. 0901-51 од 12.8.2024 година доставила Решение РО 0901-51 од 7.8.2024 година со кое приговорот на се отфрлил како недозволен, а истиот со акт бр. 23.6.2.2-488/4 на 21.8.2024 година бил доставен до Секторот за внатрешни работи-Струмица со цел да ѝ биде врачен.

Исто така, по поднесено Известување за злоупотреба на службената положба за предметниот интерен оглас од 1.4.2024 година од ю ОВВКИПС, таа била известена со Одговор бр. 14.1.1-937/4 од 17.5.2024 година дека наводите во известувањето не се потврдени.

Во прилог на произнесувањето беа доставени следните докази:
- Пријава за аплицирање за
- Пријава за аплицирање за а;
- Телграма бр. 23.6-46 од 15.1.2024 година;

- Записник бр. 23.6-186/1 од 25.1.2024 година;
- Решение бр. 23.6-10289/1 од 25.1.2024 година;
- Известување бр. 23.6.2.2-177/3 од 6.2.2024 година;
- Одговор Рег. бр. 14.1.1-937/4 од 17.5.2024;
- Акт бр. 23.6.2.2-488/4 од 21.8.2024 година;
- Акт број 0901-51 од 12.8.2024 година;
- Решение РО број 0901 од 7.8.2024 година;
- Акт бр. 23.6-16368/2 од 21.2.2024 година.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по неа и севкупно приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 15.1.2024 година, со телеграма бр. 23.6-46 бил објавен интерен оглас за пополнување на работно место „командир на полициска станица" во ПС за ГП и ГН Стар Дојран, Регионален центар за гранични работи Југ при МВР. На огласот се пријавила и подносителката на претставката На ден 25.1.2024 година Комисијата за распоредување и унапредување на полициски службеници донела одлука за избор на кандидатката , со што таа од работно место „помошник командир" била распоредена на работно место „командир на полициска станица" во ПС за ГП и ГН Стар Дојран, Регионален центар за гранични работи Југ. била известена дека не е избрана со акт бр. 23.6.2.2-177/3 од 6.2.2024 година.

Согласно со Актот за систематизација на работни места во МВР, во телеграмата биле утврдени следните услови за избор:

- Потребно образование: 240 кредити според ЕКТС или завршен VII степен;
- Вид на образование: Факултет од областа на безбедноста, Правен факултет, Економски факултет;
- Работно искуство: 6 години;
- Други посебни работни компетенции: Менаџмент обука, познавање на еден светски јазик и познавање на работа со компјутер.

Во моментот на аплицирање, избраната кандидатка имала вкупен работен стаж од 13 години, додека пак имала 21 година работен стаж во Министерството за внатрешни работи.

Незадоволна од одлуката, на ден 5.2.2024 година поднела приговор, заведен под бр. 23.6-16368/2 од 10.2.2024 година, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Државната комисија донела Решение РО 0901-51 од 7.8.2024 година со кое приговорот на се отфрлил како недозволен, со образложение дека според Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во МВР (Службен весник на РМ бр. 44/2015 и Службен весник на РСМ бр. 218/2019 и 150/2022), не е предвидено правото на приговор по писменото известување за неизбор на оглас, бидејќи истото не е конкретен правен акт, туку е службено обраќање на орган кон странка или кон друго лице кое учествува во постапката.

Дополнително, спратила Известување за злоупотреба на службената положба за предметниот интерен оглас од 1.4.2024 година до ОВВКИПС и до министерот, за што со Одговор бр. 14.1.1-937/4 од 17.5.2024 година била известена дека наводите во известувањето не се потврдени.

Во оваа насока, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

Со **член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** *„се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување,* ***политичко уверување****, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа."*

Во конкретниот случај, Министерството за внатрешни работи не ги поби наводите од претставката целосно, односно не докажа дека направениот избор на кандидат по распишан интерен оглас за Командир на ПС за ГП и ГН Стар Дојран бил врз основа на претходно утврдени објективни критериуми.

Во оваа насока, Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси при МВР не се произнесе по однос на наводите од претставката дека избраната кандидатка била политички определена, за што подносителката на претставката како доказ го истакна фактот дека на парламентарните избори во 2014 година била дел од листата на пратеници на политичката партија СДСМ, што довело до тоа нејзината политичка припадност да влијае врз изборот.

Комисијата го зема предвид фактот дека станува збор за распишан интерен оглас и избор направен во време кога министер во Министерството за внатрешни работи било лице од истата политичка партија на чија листа за парламентарни избори била избраната кандидатка. Истовремено, подносителката на претставката ја нема таа лична карактеристика, односно политичка определеност, поради што и била ставена во понеповолна положба.

Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси при МВР во своето произнесување единствено наведе дека процесот на работа на Министерството се одвива согласно начелата за недискриминација и еднаквост на работниците во нивните слободи, права и обврски, односно дека распоредувањата во Министерството се вршат независно од полот, расата, бојата на кожа, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и општествената положба, но не даде образложение врз основа на кои критериуми бил направен изборот на Командир на ПС за ГП и ГН Стар Дојран, ниту пак кои квалификации на избраната кандидатка преовладале при изборот, а во споредба со оние на подносителката на претставката. Ова особено имајќи предвид дека подносителката на претставката имала 21 година работен стаж во Министерството за внатрешни работи, додека пак избраната кандидатка имала вкупен работен стаж од 13 години. Поточно, во пријавата за аплицирање на огласот на а не е јасно наведено дали

овие 13 години работен стаж се во Министерството за внатрешни работи или на други работни позиции, додека пак во пријавата за аплицирање на огласот на јасно се наведени датите и работните позиции кои ги имала во рамки на 21 годишниот работен стаж во Министерството за внатрешни работи. Во однос на тврдењето на подносителката дека не ги исполнува критериумите, односно дека и се пресметувало работно искуство надвор од Министерството за внатрешни работи, Министерството не се произнесе ниту поднесе докази со кои би се докажало спротивното.

Во овој контекст исто така, Министерството не докажа дека во постапката постоеле доволно јасни критериуми и процедури со кои ќе се осигура изборот на најдобар кандидат за позицијата, со што се остава простор за дискреција. Дискреционото одлучување само по себе претставува висок ризик за одлуки засновани на дискриминација, непотизам и лични интереси, и оттука неопходно е да се ограничи како клучна одлика на доброто владеење.

Комисијата укажува на фактот што согласно Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи, работниците при вршењето на работите и работните задачи се раководат, меѓу другото, од принципите на законитост, непристрасност, стручност и професионалност во работењето, како и принципот на политичка непристрасност и неутралност. За да ги исполни овие принципи, Министерството треба да се осигура дека вработените ќе бидат селектирани врз основа на претходно утврдени објективни критериуми, а не врз основа на нивното лично уверување или политичка припадност.

Оттука, имајќи предвид дека тврдењето за дискриминација беше сторено веројатно од страна на подносителката на претставката и согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација товарот на докажување премина на Министерството за внатрешни работи, Комисијата утврди дека изнесените наводи од претставката не беа побиени, односно не беше докажано дека политичката припадност на избраната кандидатка не влијаела на нејзиниот избор за Командир на ПС за ГП и ГН Стар Дојран.

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за внатрешни работи да ја поништи одлуката за избор, да го повтори интерниот оглас и да избере кандидат врз основа на претходно утврдени објективни критериуми за оценување, бодување и избирање на кандидати засновани на нивните способности и карактеристики кои се важни за работната позиција за која аплицираат, во рок од **60 дена** од денот на приемот на мислењето со препораката и за тоа да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку Министерството за внатрешни работи не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
2.12.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Димко Бејзароски

Доставено до:

- 
- Министерство за внатрешни работи, Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси, ул. Димче Мирчев бр. 9, 1000 Скопје